У-5.бр.823/2021

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Марта Телеграфчиска - како претседател на совет, Билјана Никодиновска Петровска и m-r Burim Sejdini - како членови на советот, со записничар Јован Трпевски - раководител на одделение, решавајќи по барањето на тужителот Друштво за деловни и менџмент консултански изведби „ТОДОРОВСКИ КОНСТАЛТИНГ" ДООЕЛ од Велгошти, Охрид, поднесено преку адвокат Филип Видески од Скопје, за донесување на времена мерка за одлагање на извршувањето на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-525/5 од 27.05.2021 година, за јавна набавка, на јавната расправа одржана на 24.08.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот Друштво за деловни и менџмент консултанки изведби „ТОДОРОВСКИ КОНСТАЛТИНГ" ДООЕЛ од Велгошти Охрид, за донесување на времена мерка за одлагање на извршувањето на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-525/5 од 27.05.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Друштво за деловни и менџмент консултанки изведби „ТОДОРОВСКИ КОНСТАЛТИНГ" ДООЕЛ од Велгошти Охрид, на 03.06.2021 година поднесе тужба до Управниот суд за поведување на управен спор, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-525/5 од 27.05.2021 година, а со кое жалбата на сега тужителот Друштво за деловни и менџмент консултанки изведби „ТОДОРОВСКИ КОНСТАЛТИНГ" ДООЕЛ од Велгошти Охрид, изјавена против Одлуката за поништување на потапка бр.18.1-39591/1 од 21.04.2021 година, донесен по оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.02517-2021 за набавка на стоки - летни и зимски пантлони и здолништа на договорниот орган Минитерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, се одбива поради неоснованост.

Тужбата е заведена под У-5.бр.824/2021.

Кон тужбата поднесе и Барање за донесување на времена мерка, со кое бара да се одложи извршувањето на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.08-525/5 од 27.05.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор, согласно членот 29 став 5 од Законот за управните спорови, од причини што со поништувањето на постапката од страна на договорниот орган, трошоците на кои веќе се изложил дополнително ќе се зголемат при евентуално учество на нова постапка за јавна набавка и ќе треба да се изложи на нов неоправдан и дополнителен трошок за повторно испитување на мостри како би се квалификувал во нова постапка за јавна набавка. Исто така, во барњето наведува дека определувањето на времената мерка не е спротивно на јавниот интерес, бидејќи постапката се поништува, нешто кое не предизвикува никакви финансиски инпликации за договорниот орган.

Тужениот орган во одговорот на барањето за донесување на времена мерка, остана во целост при своите наводи во оспореното решение и предложи барањето за донесување на времена мерка, да се одбие како неоснована, поради тоа што тужителот не сторил веројатно дека извршувањето на управниот акт би му нанело штета која тешко би можела да се поправи.

На одржаната јавна расправа на 24.08.2021 година во присуство на странките, полномошникот на тужителот изјави: Останувам во целост кон наводите за предлогот за издавање на времена мерка. Сакам да напоменам дека не располагаме со материјални докази со која би ја оправдале основаноста за барањето на времена мерка. Воедно како што е наведено во одговорот на тужба доставен од тужениот орган дека одлагање на управниот акт во никој случај не е спортивен на јавниот интерес. Како што е прочитано и на денешниот записник се работи за долгогодишен проблем на органот за внатрешни работи кои се провлекува долги години и за жал припадниците на МВР се оние кои што трпат штета вршејќи ги своите секојдневни, а не така едноставни работни обрвски. Уште еднаш сметаме дека одлагање на упаравниот акт не би било спротивно на јавниот акт, па со донесување на времена мерка не би трпел штета ниту договорниот ниту тужениот орган, особено ако се има предвид дека понудата на тужителот беше многу пониска во споредба со понудите од останатите учесници, и на тој начин би се заштедиле средства од Буџетот на РСМ.

Полномошникот на тужениот орган изјави дека: Како што истакнавме во одоговорот на барањето за времена мерка, износот кој го напоменува тужителот од околу 1600 евра како и евентуално зголемување на овие трошоци не претставува штета која тешко би се поправила. И јавниот интерес е да се набави и да се спроведе предметната јавна набавка, а не како што тврди тужителот да се одложи нејзиното извршување. Од овие причини оставнувам во се како во одговорот на барањето за времена мерка.

Судот разгледувајќи ја тужбата, како и барањето на тужителот за донесување на предложената времена мерка со сите списи кон тужбата, најде дека е неосновано поради следното:

Барањето е неосновано.

Согласно член 28 ставови 1 и 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.96/2019), тужбата по правило не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон поинаку не е уредено, додека по барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, судот може да го одложи извршувањето.

Согласно член 29 став 5 од истиот закон, на барање на тужителот судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот мора во согласност со начелото на пропорционалност да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица.

Во смисла на цитираните законски одредби, одложување на извршувањето на управниот акт против кој е поведен управниот спор може да се допушти само на барање на тужителот. За да се одлучи по барањето и истото да се уважи, треба да се исполнат следните претпоставки: со управниот акт на странката - тужителот да му било утврдено наредбена обврска која во моментот на поведувањето на управниот спор не е извршена; да тужителот во рок го повел управниот спор против управниот акт што е во идентична врска со управниот акт кој е предмет на управниот спор; да постои уверување дека со извршувањето на управниот акт што се оспорува во управен спор на тужителот ќе му се нанесе штета која тешко би се поправила; да одложувањето на управниот акт не е спротивно на јавниот интерес ниту со одложувањето на извршувањето би се нанела ненадоместлива штета на спротивната страна, ако постои. Сите овие претпоставки мораат кумулативно да бидат исполнети за да може да се постапи и да му биде усвоено барањето на тужителот за одложување на извршувањето на управниот акт до завршувањето на управниот спор.

Со увид во списите по предметот, Судот најде дека согласно одредбите од член 29 став 5 од Законот за управните спорови е предвидено дека на барање на тужителот судот може да донесе времена мерка за одлагање на извршувањето на управниот акт до завршување на постапката во управниот спор доколку до судот достави доказ дека органот пристапил кон извршување на управниот акт и дека со извршувањето би му се нанела поголема штета која тешко би можела да се надомести.

Судот оцени дека во конкретниов случај, тужителот со ниту еден доказ не стори веројатно дека донесувањето на времената мерка во конкретниот случај, не би било спротивно на јавниот интерес, дека со извршувањето на оспорениот акт ќе му се нанесе ненадоместлива штета на тужителот и дека нанесената штета тешко ќе може да се поправи, така што Судот најде дека не се исполнети кумулативно законските претпоставки од член 29 став 5 од Законот за управните спорови, па одлучи како во изреката на ова решение.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, да тужителот со барањето за времена мерка не приложил доказ дека се исполнети условите согласно членот 28 став 2 од Законот за управните спорови, следуваше овој суд согласно горе изнесените причини, да го одбие барањето на тужителот како неосновано.

Решено во Управен суд на ден 24.08.2021 година под У-5.бр.823/2021.

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
Марта Телеграфчиска

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена по приемот на истото преку овој суд до Врховниот суд на Република Македонија.

Решението да се достави до:
- тужител преку адвокат Филип Видески од Скопје
- тужен орган

СЛ/

Претседател на совет - Судија
Марта Телеграфчиска

Република Северна Македонија Управен суд Скопје
Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник